**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5563/**

# З А П И С Н И К

**Од 169.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 08.11.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси и Мигена Горенца-Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 169.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 167.седница и 168.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација бр.14-5249/4 од Главниот и одговорен уредник на МТВ2.

3. Разгледување на документацијата од постапката за добивање согласност за нови вработувања во ЈРП МРТ.

4. Извештај на Комисијата за изработка на предлог документ за имплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. Разгледување на Записникот и документација од Комисијата за утврдување на одговорност.

6. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записниците од 167.седница и 168.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 167.седница и 168.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 167.седница и 168.седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записниците од 167.седница 168.седница се едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација бр.14-5249/4 од Главниот и одговорен уредник на МТВ2.**

На оваа точка беше ставена на разгледување Информација бр.14-5249/4 од Главниот и одговорен уредник на МТВ2 Мигена Горенца како и Согласноста добиена од БИРН Косово.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со забелешка дека прво документот е несоодветен без потпис и печат од МРТ, а во продолжение уредничката се повикува на член 12 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси,начинот и постапката за набавка на аудио или аудиовизуелни дела односно програмски содржини, како и за склучување на Договори.
Ведат истакна дека прво овде немаме склучување на договор, а друго членот 12 од правилникот се однесува на производители на европски аудио и адуиовизуелни дела, и според член 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги ваквата програма не преставува тоа, и трето нивото на емисијата не доликува на еден јавен сервис.
Мигена Горнеца мислам дека таа програма што ја емитувавме претставува европски аудио и адуиовизуелни дела и ние како сервис ја земавме бидејќи се соочуваме со недостиг на програма, и не е првпат да емитуваме вака програма со согласност од авторите на истата.
За збор се јави Снежана Клинчарова со цел да дообјасни што претставува независната невладина организација БИРН Косово, всушност сите посебни национални организации БИРН во Македонија, Србија, Албанија и други, кои се дел од меѓународната и регионалната истражувачка репортерска мрежа. Тие работат на одредени значајни проекти, а во конкретниот случај локалните избори се проект на БИРН Косово. Дали нивната продукција, која бесплатно е отстапена на сите заинтересирани корисници, во случајов на програмскиот сервис МТВ2, спаѓа во европски Аудио и аудиовизуелни дела. Клинчарова смета дека не треба да има дилема дека се исполнети условите од членот 12, како што смета дека ова прашање воопшто не би било поставено ако продукцијата на дебатите беше направена од ББС, на пример. Таа упати честитки до уредничката Горенца за досетливоста и за бесплатниот начин да обезбеди програма- дебатни емисии од локалните избори во ова време-невреме со кое се соочува целата МРТ, особено МТВ2. Затоа смета дека инсистирањето на оваа тема, како и продолжувањето на дискусијата се крајно тенденциозни.

После расправата по оваа точка беше предложен **Заклучок**:
● Програмскиот совет на МРТ по однос на документот Согласност за емитување програма-БИРН Косово, го задолжува Одделението за правни работи во МРТ да достави Информација:
-Дали емитувана програма на МТВ врз основа на документот за Согласност за јавно прикажување,падиодифузно емитување и реемитуање, е во согласност со членот 12 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси,начинот и постапката за набавка на аудио или аудиовизуелни дела односно програмски содржини, како и за склучување на Договори.
-Заклучокот со 11 гласови За и 1 глас Против беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на документацијата од постапката за добивање согласност за нови вработувања во ЈРП МРТ.**
По однос на оваа точка збор зема Анита Латифи со прашање до надлежните зошто биле предвидени потребни финансии во Финансискиот план на ЈРП МРТ кога се знаело деке нама да бидат реализирани пред јули, и од друга страна зошто во измените на финансискиот план во јули во објаснувањето за намалена ставка на трошоци за вработените стои дека затоа што сеуште не се реализирани предвидените вработувања?
Горан Атанасов објани дека вработувањата бараат постапка и долгорочно планирање значи не може веднаш да се пристапи одма на вработување, и Финансискиот план на МРТ се носи во месец октомври и ние кога сме ги планирале финансиите во 2019 година, не сме знаеле кога некој ќе напушти и средствата се користеле рационално за да се ангажираат најпотребни лица за вработување преку авторски договори.
Анита исто така истакна дека со Измената на Годишен план за вработувања само 5 вработувања од првичниот годишен план се задржани, а се однесуваат на новинарите за Четврти сервис на МТВ (редакција на српски јазик, влашки, ромски и бошњачки) и снимател во сектор за Тв продукција.Тринаесет други места се изменети со други и додадени се уште девет.

После расправата по оваа точка беше предложен **Заклучок**:
● Програмскиот совет на МРТ по однос на Годишниот план за вработување на ЈРП МРТ за 2021 година и неговата измена, го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација:
-Зошто се избришани од Годишниот план за вработување 5 (пет) вработувања за Втор програмски сервис МТВ,
-Зошто во Измената на Годишниот план за вработување од 27 (дваесет и седум) нема работни места предвидени за МТВ 2,
-Како мислите Вториот програмски сервис да емитува 24 часовна програма со ваков пристап на менаџментот?
Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Извештај на Комисијата за изработка на предлог документ за имплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на оваа точка објасни дека Извештајот е разгледан од членовите на советот и се очекува до крај на месецот треба да се очекува некој писмен предлог.
Горан Атанасов објасни дека поради претстојните Локални избори не е одржан состанок на комисијата, и информираше дека е закажан состанок за 10.11.2021 (среда), и дека со нови информации ќе биде известен Програмскиот совет на наредна седница.

**ТОЧКА 5:Разгледување на Записникот и документација од Комисијата за утврдување на одговорност.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац објасни дека по оваа точка има пристигнато обемна документација која членовите имаа можност да ја разгледаат,и отвори расправа по истата.
Во рамките на петтата точка од дневниот за збор се јави Снежана Клинчарова со коментар дека не и е јасно зошто извештајот (бр. 13-5429/1 од 02.11.2021 год.) на Одговорниот уредник на програмскиот сервис Радио Македонија, Јошко Бошковски се однесува на неговото шестмесечно работење кога тој безмалку една година уредникува со програмскиот сектор Радио Македонија. Ако тој е назначен на 25.12.2020 год., тогаш неговите први шест месеци на новата функција завршиле уште во јуни месец, а не во ноември оваа година.
Во седумте точки од неговиот извештај во детали се опишани неговите активности, но нема ни збор за паралелното вршење и на старите работни задачи, односно функцијата музички уредник на првиот програмски сервис на Македонското Радио.

Оваа работна задача престанал да ја работи од неодамна, откако Комисијата за утврдување одговорност уште еднаш констатираше дека постојат сомнежи за евентуален судир на интереси и поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на вршители на јавна функција во јавното претпријатие (записници:02-1276/4 од 12.04.2021 и 02-1276/12 од 28.09.2021год.).Всушност по најавата дека ќе биде поднесена пријава до Државната комисија за спречување на корупција, која всушност е веќе поднесена на 4.11.2021 со бр.02-1276/14.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија по оваа точка истакна дека во случајот „Јошко Бошковски", за кој зборуваме на повеќе состаноци, се гледа дека има тенденција од одредени колеги да напаѓат, дури и по директива. Од списокот со песни што ни ги испрати Внатрешната комисија на МРТ, јасно е дека Јошко Бошковски има најмалку емитувани авторски дела на радио, додека други вработени во РТВМ водат. Впрочем, јас лично жалам што Јошко Бошковски има многу малку авторски дела емитувани на радио. Се чини дека некој не сака да разбира дека Јошко Бошковски нема авторски песни како другите што ги гледаме на списокот, туку инструментални дела кои, според списокот, заземале многу малку простор на радиото.Дури и писмото што го упати до Програмскиот совет покажува дека со чест и професионалност работи како уредник и вработен во МРТ,што зачи, добро е да се затвори оваа работа со празни обвинувања.

После расправата по оваа точка беше предложен **Заклучок**:
●Програмскиот совет побара одговор од Комисијата, дали оваа усно добиена информација, за тоа дека уредникот Јошко Бошковски паралелно ги извршувал и старата и новата функција е точна. И ако е точна, кој тоа го дозволил и зошто?
Второ, дали продолжува интерната работа на Комисијата, особено дали продолжува интерната работа на Комисијата, особено дали се собрани сите потребни информации и искуства од други јавни сервиси за изработка на посебен **Правилник** со кој би се уредиле правилата за работа на музичките уредници кои се и автори –композитори и организационите единици во МРТ до кои се допира нивното работење.
-Заклучокот со 11 гласови За и 1 глас Против беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разно.**
По оваа точка беше разгледано и Известување од Сашо Цингуловски-Камерман во МТВ со бр.14-5386/1, и од страна на Програмскиот совет беше побарано од Одделението за човечки ресурси на МРТ информација дали за вработениот има покренато некаква постапка.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател